ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 26 – 156/9**

**Дата: 26.07.2012**

**ДО**
**ДИРЕКТОРОТ НА**
**ФОНД НА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО**
**ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на остварување на правото на инвалидска пензија кај Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (во понатамошниот текст - Фонд) заклучно со 2011 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2010 година, при што е изразено мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.
Препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2010 година во најголем дел се спроведени.

Врз основа на извршената ревизија утврдивме дека освен во делот на комплетност и веродостојност на медицинската и друга документација и невалидност на одделни пријави како доказ за оствареното право за инвалидска пензија, остварувањето на правото на инвалидска пензија е во согласност во сите материјални аспекти со релевантната законска регулатива.

Постапката за остварување на правото на инвалидска пензија согласно законската регулатива опфати повеќе чекори спроведени во подрачните единици на Фондот, од поднесување на барање од страна на барателот, архивското работење, улогата на матичната евиденција, до решавање на правата врз основа на давање на наод, оцена и мислење и изготвување на решение.

За остварување на правото на инвалидска пензија не е изготвена посебна процедура за работа и контроли во делот на архивско работење, оцена на работна способност, матична евиденција, решавање на правата со исплата на пензии и електронското следење на предметите.

Врз основа на извршениот увид на тестирање на избраните примероци констатирани се недостатоци и слабости во делот на архивирање и чување на медицинската и друга документација, недоволна пополнетост на медицински кадар во Одделението за оцена на работна способност.

Наведените состојби предизвикуваат ризик во одделни случаи да се оствари правото на инвалидска пензија со задоцнување и без да бидат исполнети условите пропишани со законската регулатива и интерни акти.

Не постои електронска поврзаност на архивата во Одделението за оцена на работна способност со Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика. Целосната примена на електронскиот предмет кој е придобивка на пензискиот проект зависи од подготвеноста на софтверот за донесување на наод и мислење по електронски пат од Комисијата за ревизија. За наведената потреба е доставено барање од Фондот до Министерството за труд и социјална политика, заради информација за степенот на подготвеноста. Воспоставениот начин на комуникација не овозможува да се утврди дали сите наоди со кој е утврдено постоење на инвалидност и заедно со целокупната медицинска и друга документација и во предвидениот рок се доставени до Комисијата за ревизија.

Со префрлање на податоците за стаж на осигурување, плати и надоместоци од стариот во новиот софтвер утврдени се 1.254.290 невалидни М пријави кои се внесени пред 2011 година. Дел од податоците се невалидни поради различни регистарски броеви на обврзниците во периодите на осигурување, различни податоци за бројот на часовите, неусогласеност на периодот на стаж на осигурување со пријавите и одјавите од осигурување. Во таквите случаи постапката за донесување на решенија може да биде пролонгирана.

Потребно е да се истакне системската слабост според која корисниците на времена инвалидска пензија, по задолжителен контролен преглед го губат правото на инвалидска пензија согласно член 139 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а претходно за остварување на ова право им е прекинат работниот однос. Правото на повторно вработување може да го остварат по Законот за работни односи, но имајќи ја предвид старосната структура на овие лица се доведува во прашање можноста за засновање на нов работен однос.

Од страна на одговорните лица на Фондот добиени се забелешки на констатациите наведени во Нацрт извештајот кои според содржината претставуваат потврдување на констатираните состојби и известување за преземени активности согласно одделни препораки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на усогласеност на остварување на правото на инвалидска пензија во Фондот за 2011 година.

1.2. Ревизијата од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Фондот за 2010 година и е изразено мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Одговорност за законското остварување на правото на инвалидска пензија е одговорност на директорот на Фондот застапуван од :

- Исни Јакупи, Директор на Фондот до 05.12.2011 година и
- Беким Незири, Директор на Фондот од 06.12.2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна при спроведување на постапката за остварување на правото на инвалидска пензија ослободена од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека остварувањето на правото на инвалидска пензија, точноста на пресметките, евидентирањето и исплатата на пензиите, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат заклучок за законското остварување на правото на инвалидска пензија од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање на ревизорски докази за тоа дали остварувањето на правото на инвалидска пензија е обезбедено со соодветната законска регулатива; дали подрачните единици на Фондот располагаат со комплетна и веродостојна документација, како доказ за оствареното право и дали воспоставениот систем на остварување на правото на инвалидска пензија обезбедува социјална сигурност и социјално осигурување на работниците во Република Македонија, согласно начелото на социјална праведност. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на усогласеност во делот на остварувањето на правото на инвалидска пензија, е да овозможи ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали правата врз основа на инвалидност, точноста на пресметките, евидентирањето и исплатата на пензиите, рефлектирани во финансиските извештаи на Фондот, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали:

- Правото на инвалидска пензија е остварено согласно законската регулатива;
- Одделението за оцена на работна способност располага со комплетна и веродостојна медицинска документација и дали е извршен непосреден преглед како доказ за донесениот наод оцена и мислење;
- Подрачните единици (Филијали и Деловници) надлежни за остварување на правото од пензија располагаат со комплетна и веродостојна документација како доказ за оствареното право.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапките зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за погрешни прикажувања при остварувањето на правото на инвалидска пензија без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При проценка на ризиците, ревизорот ги разгледа интерните контроли, како релевантни во сите фази од спроведување на постапката за остварување на правото на инвалидска пензија, точноста на пресметката, нејзиното евидентирање и исплата, со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите. Ревизијата исто така вклучува анализа на законската регулатива од областа на системот на пензиското и инвалидското осигурување и организационата поставеност.

Информациите за извршената ревизија се добиени преку:

- Законската регулатива, интерни упатства и прирачници кои се однесуваат на активностите од областа на системот на пензиското и инвалидското осигурување;

- Анализа на базите на податоци: матичните датотеки, датотеки со електронски записи, базата на податоци за евидентирани пензионери - корисници на инвалидска пензија и база на финансиски податоци за корисници на пензија;
- Интервјуа со раководството и непосредните извршители во службите за спроведување на постапката и
- Извештаи од извршена ревизија од страна на Одделението за внатрешна ревизија.

Проверката на функционирањето на постапката за остварување на правото на инвалидска пензија, точноста на пресметките, евидентирањето и исплатата на пензиите е извршена во Централата, Одделението за оцена на работна способност и Подрачните единици на Фондот.

Според податоците презентирани со Извештајот за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2011 година бројот на корисниците на пензија, со состојба 31.12.2011 година изнесува 277.441 корисници, од кои 156.016 се корисници на старосна пензија или 56,23% од вкупниот број на корисници на пензија, 44.895 се корисници на инвалидска пензија или 16,18% и 76.530 се корисници на семејна пензија или 27,58%.

Вкупните расходи за исплата на пензиите изнесуваат 35.751,31 милиони денари од кои 35.223,13 милиони денари се исплатени за редовни пензии, 444,85 милиони денари за воени пензии и 83,33 милиони денари за земјоделски пензии).

Врз основа на податоците добиени од базите на податоци за евидентирани пензионери - корисници на инвалидска пензија, утврден е примерок од 239 пензиски предмети во подрачните единици на Фондот и тоа во: Скопје, Куманово, Кочани, Кавадарци, Битола, Прилеп, Охрид, Велес, Штип, Тетово, при што изборот на примерок е извршен со примена на IDEA softwer, заради елиминирање на субјективниот фактор при изразување на заклучок.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 02.03 - 18.05.2012 година кај Фондот од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре го опфати спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2010 година, при што е констатирана следната состојба:

- Преземени се мерки за целосно спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските, во сите фази, согласно одредбите од Законот за

сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници (точка 4.1.1.);

- Во врска со ангажирање на работници Фондот неколку пати се обратил до Министерството за финансии за добивање согласност за нови вработувања. Вакво барање е испратено и до Владата на РМ. За 2012 година направена е финансиска проекција за нови вработувања и истата е доставена до Министерството за финансии (точка 4.1.3.);
- По однос на застареноста на побарувањата, извршена е целосна анализа и за тоа е изготвена Информација за наплата на побарувањата на Фондот за штети од неосновани исплати на корисници на пензија. Предложени се мерки за отстранување на причините поради кои доаѓа до одлив на средства. Информацијата е разгледана и усвоена од Управниот Одбор на седницата на 15-ти декември 2011 година (точка 4.2.1.);
- Извршена е целосна анализа на не наплатените придонеси, утврдени се показатели за обврзниците, статусот на обврзниците и преземените активности за наплата во подрачните единици на Фондот. Изготвена е Информација за преземените активности за наплата на ненаплатените придонеси заклучно со 2008 година, а со состојба ноември 2011 година и прилог аналитички податоци. Информацијата е разгледана и усвоена од Управниот Одбор на седницата на 15-ти декември (точка 4.2.2.);
- Во тек е постапката за обезбедување на проценка на земјиштето кај одделни подрачни единици и извршено сметководствено евидентирање на истото (точка 4.2.5.).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица во Фондот, одржан на ден 25.05.2012година.

Од страна на одговорните лица на Фондот добиени се забелешки на констатациите наведени во точките 4.1.1, 4.1.2, 4.2.3, 4.2.4, 4.2.5, 4.2.6. и 4.2.8. од Нацрт извештајот кои според содржината претставуваат потврдување на констатираните состојби и известување за преземени активности согласно одделни препораки.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Извршено е снимање на системот на интерни контроли во процесот на остварување на право од пензиско и инвалидско осигурување – инвалидска пензија со кои се опфатени службите надлежни за процесирање и тоа:

- Прием на барања за остварување на право на инвалидска пензија и архивирање на пензиски предмети (служба за архивирање),
- Изготвување на наод, оценка и мислење (Одделение за оцена на работна способност);

- Проверка на стажот на осигуреникот впишан во матичните датотеки (матична служба);
- Подготовка и контрола на Решение за право на инвалидска пензија, (служба за решавање на правата);
- Исплата на пензиските примања признати со решенијата за права од пензиско и инвалидско осигурување (служба за ликвидатура).

За остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување Фондот има донесено повеќе пишани процедури кои се однесуваат на оцена на работна способност, матична евиденција, решавање на правата и исплата на пензии, но не е изготвена процедура за архивско работење за прием на документи, остварување на право на пензија, скенирање на потребната документација, доставување/отстапување на предмети за оцена на работна способност и решавање на правото со електронското следење на предметите и архивирање на истите.
Наведеното не е во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и го зголемува ризикот од ненавремено откривање на стекнатото право на инвалидска пензија без да бидат исполнети условите пропишани со законската регулатива и интерните акти.

Ревизијата не дава препорака за донесување на процедура во делот на архивско работење поради тоа што во текот на 2012 година се донесени интерни процедури за прием на документи за остварување право на пензија, за доставување и отстапување на предмети за решавање, за раздолжување и архивирање на предмети и Упатство за архивското работење во секторот за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување.
Изготвена е Процедура за донесување на наод оцена и мислење за работна способност која се однесува само за активностите и инволвираните вработени во Одделението за оцена на работна способност. Со истата не е предвиден целокупниот тек на процесот за остварување на правото од пензиско и инвалидско осигурување - инвалидска пензија, начинот на поврзување на активностите кои се извршуваат во Подрачните единици, Одделението за оцена на работна способност, Комисија за ревизија и Владина/Државна комисија. Нецелосноста на пишани процедури во процесот за остварување на правото од пензиско и инвалидско осигурување - инвалидска пензија создава ризик од нарушување на текот на целиот процес, односно сите доставени барања/наоди да не бидат процесирани согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување и интерните акти.

Во текот на 2012 година донесена е процедура за Процесот за остварување право на инвалидска пензија и телесно оштетување.

4.1.2. Функционирањето на клучни контроли во процесот на остварување на правото од пензиско и инвалидско осигурување – инвалидска пензија не е на задоволително ниво. Основните ризици не се опфатени со воспоставените

контроли поради непотполнетите работните места во Одделението за оцена на работна способност, што не е во согласност со Одлуката за организација на работата и систематизација на работните места. Имено, работата на комисијата за утврдување на комплетност и уредност на документацијата ја извршува началникот на одделението, работата на комисиите за донесување на наод оцена и мислење од предвидените 5 комисии по 3 члена ја извршуваат 2 комисии по 2 члена, а како трет член учествува началникот, додека работата на комисијата за задолжителен контролен преглед ја извршуваат членови од постојаните комисии. Фондот во периодот од 2010-2012 година има доставено до Министерството за финансии повеќе барање за согласност за вработување на лекари по кои не е добиен потврден одговор.

Ваквиот начин на работа при оцена на работната способност создава ризик предметите на подносителите на барањата да не бидат навремено комплетирани, прегледите да не се вршат во предвидениот рок, ненавремено да се донесе наод оцена и мислење со што се пролонгира рокот за остварување на право на инвалидска пензија.

Како резултат на наведената состојба, заклучно со 31.12.2011 година Одделението за работна способност има заведено вкупно 5.782 предмети. Според податоците од прегледот изготвен од раководителот на Одделението заклучно со 31.12.2011 година решени се 5.184 предмети, од кои 1.900 предмети се заостанати од претходни години. Во текот на 2012 година бројот на заостанатите предмети е намален на 598, распоредени по основ на молбени барања за: оцена на работна способност, телесно оштетување, промена на работно место, задолжителен контролен преглед.

Со забелешките на Нацрт извештајот, одговорните лица на Фондот ја приложија изготвената Информација до Владата на РМ за работата на Одделението за оцена на работна способност со нагласување на недоволниот број на вработени, бројот на нерешени поднесени барања, како и рокот на решавање на истите.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

По извршеното детално тестирање на избраниот примерок по корисници на инвалидска пензија констатирана е следната состојба:

4.2.1. Документацијата во пензиските досиеја не е хронолошки подредена, односно медицинската документација не е поврзана со поднесеното барање, наодот, оцената и мислењето, особено во случаите кога повеќе пати е поднесувано барање за оцена на работната способност, со што не може да се утврди дали со новото барање е доставена дополнителна документација предвидено со член 134 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Во голем број од досиејата медицинската документација не е оригинална, кај дел од истите наодот е изготвен само врз основа на извештаи од специјалист напишани на рака, без прилог на извршени анализи, испитувања, снимки и слично, што не е

во согласност со одредбите од член 4 и 6 од Одлуката за задолжителниот минимум на обемот и содржината на медицинската документација во постапка за остварување права по основ на инвалидност. Покрај наведеното, со ревизијата е констатирано дека на дел од наодите се појавува само К- печат со потпис без име и презиме на докторот како трет член на Комисијата за оцена на работна способност. Наведеното не е согласно законската регулатива. Имено, медицинската документација согласно одредбите од член 11 од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на комисијата за оцена на работната способност, мора да биде издадена на пропишани обрасци, во оригинал, заверена со штембил на здравствената организација, како и потпис и печат на лице кое ја издава документацијата. Исто така, согласно член 14 од истиот Правилник, комисијата дава наод, оцена и мислење врз основа на потполна медицинска, работна и друга документација, врз основа на непосреден преглед на осигуреникот.

**Препорака:**

Одговорните лица целосно да ја спроведуваат наведената законска регулатива, во делот на хронолошко подредување на оригинал медицинска и друг вид документација во предметите кои претставуваат еден од доказите за оствареното право на инвалидска пензија.

4.2.2. Во делот на печатење и авторизација на Преглед број 1, Преглед број 2 и на Конечен решението/Решението од страна на овластените работници во службите на Фондот, констатирани се состојби, што не се во согласност со Упатството за организација и начин на вршење на работите во постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, со кое е утврдена соодветна процедура:

- Службата за архивско работење во дел од подрачните единици на Фондот до 2009 година не печатела Преглед број 1, кај останатите подрачни единици печатените прегледи делумно се авторизирани од страна на работникот задолжен за архивско работење. Прегледот број 1, претставува доказ за реалноста и вистинитоста на податоците за стажот, остварените плати и надоместоци на осигуреникот, до моментот на отпочнување на постапката за остварување на правото на старосна пензија, и во негово отсуство постои ризик од дополнување/менување на овие податоци и донесување на решение и исплата на пензија засновани на неверодостојни и не постоечки податоци.
- Прегледот на податоци број 2 кај дел од подрачните единици до 2010 година не е авторизиран од страна на матичарот. Отсуството на Прегледот на податоци број 1 во постапка за остварување на правото на пензија го зголемува ризикот во менување/дополнување на податоците за стажот, остварените плати и надоместоци на осигуреникот во матичните датотеки и одложување на нов/изменет Преглед број 2 во пензискиот предмет.

- Кај дел од подрачните единици до 2010 година прегледите П10 и П11 не се авторизирани од решавачот/контролорот, Конечен - решението не се авторизира од страна на контролорот и решенијата за признавање на правото на инвалидска пензија не се авторизирани од страна на решавачот.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што со донесување на Интерната процедура за работа во службите за матична евиденција во деловниците и филијалите на стручната служба на Фондот во 2010 година и во 2011 се надминати неправилностите кои се однесуваат на Прегледот на податоци број 1 и 2 . Со новиот пензиски проект за остварување на права и исплата на пензии се формира електронски предмет и решенијата се авторизирани од решавачите, контролорите и раководителите на Филијалите по електронски пат.

4.2.3. Во постапката на комплетирање на барање за пензија во филијала Тетово и Охрид дел од М 4 пријавите се наоѓаат во пензискиот предмет во сите примероци без да се достават на скенирање во централата на Фондот, а дополнително доставените М 4 пријави во Филијалите во Охрид, Тетово, Кочани, Прилеп, Битола и Скопје нема потврда за уплатен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од службата за наплата на придонес, што не е во согласност со Интерната процедура за работа во службите за матична евиденција во деловниците и филијалите на стручната служба на фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Во отсуство на контрола постои ризик утврдувањето на работниот стаж, износот, периодот на осигурување и оствареното да не се заснова на уплатениот придонес.
Во текот на 2010 и 2011 година, донесени се: Упатство за работа во делот за наплата на придонесите од пензиско и инвалидско осигурување, Процедури за работа и Процедура за контрола на податоци при комплетирање на предмети. Со истите дадени се насоки со кои поконкретно е појаснето како се врши контрола на сите податоци од придонесите од пензиско и инвалидско осигурување. Во текот на 2011 година само кај дел од подрачните единици се печати посебна листа за извршена контрола на уплатен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

**Препорака:**
Во постапката на комплетирање на барањето за пензија за извршените контроли од страна на овластениот работник од службата за наплата на придонес за уплатен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување да се обезбеди доказ за извршена контрола.

4.2.4. Со новиот пензиски проект за остварување на права и исплата на пензии во целост се уште не е извршено преземање на скенираните и микрофилмуваните М пријави, односно не е извршено целосно пренесување на електронски запис и архивирање во електронска (дигитална) форма и

понатамошно електронско поврзување на податоците регистрирани во базата на податоци во матични датотеки, со архивата на М пријавите. Со новата апликација за работа на подрачните единици на Фондот има опција но не е овозможен пристап до базата на скенираните М –пријави, пребарување и листање на копија на скенираните М –пријави.

Исто така, во подрачните единици на Фондот (освен во Охрид и Штип) со претходниот систем не е обезбедена техничка можност за увид и прегледување на скенираните документи како слика од страна на одговорниот работник во матична евиденција, предвидени со Упатството за работа на потсистемот за архивирање на документи и Упатството за користење на посебен софтвер за преглед на скенирани слики. Службата за матична евиденција без да добие целосна информација за статусот на М пријавите (скенирани/не скенирани и точни/неточни), во одделни случаи предметот го проследува до Службата за решавање на права, за понатамошна обработка при што постои ризик правото за пензија да се реши врз основа на неточни или нецелосни внесени податоци во матичната евиденција.

**Препорака:**

До целосната имплементација на новата апликација за работа на подрачните единици на Фондот во посебниот софтвер за преглед на скенирани слики да се овозможи пристап до базата на скенираните М –пријави, пребарување и листање на копија на скенираните М –пријави.

4.2.5. Не постои електронска поврзаност на архивата во Одделението за оцена на работна способност со Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика. Исто така, во софтверот кој го користи Фондот нема предвидено опција за внос на доставените предмети од архивата на Одделението за оцена на работна способност до Комисијата за ревизија. Во Одделението се врши евиденција за доставени предмети во табели врз основа на кои се печатат писма и со преглед на предмети се доставуваат до Комисијата за ревизија. Како потврда за вратените предмети од Комисијата за ревизија истите прегледи се потврдени со архивски печат и датум од Министерството за труд и социјална политика. Во насока на целосна примена на електронскиот предмет кој е придобивка на пензискиот проект, од страна на одговорните лица во Фондот е доставено барање до Министерството за труд и социјална политика со цел да се добие информација за степенот на подготвеноста на софтверот за донесување на наод и мислење од Комисијата за ревизија во рамките на Министерството за труд и социјална политика по електронски пат, но одговор сеуште не е добиен. Воспоставениот начин на комуникација не овозможува да се утврди дали сите наоди со кој е утврдено постоење на инвалидност и заедно со целокупната медицинска и друга документација и во предвидениот рок се доставени до Комисијата за ревизија како што е предвидено во Правилникот за организација, состав и начин на работа на Комисијата за оцена на работна способност.

Исто така во Решенијата за право на инвалидска пензија не е предвидено во текстот да постои информација дали сите наодите се потврдени/изменети од Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика. Со ова барателот не добива целосна информација во решението чиј наод, оцена и мислење е донесено истото. Ова од причини што Комисијата за оцена на работна способност е должна да постапи по забелешките дадени од Комисијата за ревизија и да донесе нов наод, што е предвидено во член 35 од Правилникот за организација, состав и начин на работа на Комисијата за оцена на работна способност.

**Препорака:**

До воспоставување на електронска поврзаност на архивата во Одделението за оцена на работна способност со Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика во софтверот кој го користи Фондот да се предвиди опција за внос на доставените/вратените предмети од архивата на Одделението за оцена на работна способност до Комисијата за ревизија. Исто така во текстот на Решенијата за право на инвалидска пензија да постои информација дали наодите се потврдени/изменети од Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика.

4.2.6. Со префрлање на податоците за стаж на осигурување, плати и надоместоци од стариот во новиот софтвер утврдени се 1.254.290 невалидни М пријави кои се внесени пред 2011 година. Дел од податоците се невалидни поради различни регистарски броеви на обврзниците во периодите на осигурување, различни податоци за бројот на часовите, неусогласеност на периодот на стаж на осигурување – М4/8 пријави со пријавите и одјавите од осигурување - М1/М2 и други причини. Во таквите случаи постапката за донесување на решенија може да биде пролонгирана.

Наведеното не е согласно на одредбите од глава VI од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во текот на 2012 година од страна на директорот е донесена наредба со која се дадени насоки за валидизација на невалидните пријави по филијали и деловници.

**Препорака:**

Да се продолжи со активностите во врска со валидизација на невалидните пријави по филијали и деловници.

4.2.7. Со ревизија на месечните исплати на инвалидските пензии во сметководствената евиденција на Фондот и базата на податоци за исплата на пензиските примања по признати решенија за остварено право на инвалидска пензија констатирани се разлики за исплатите во 2011 година за секој месец во

вкупен износ од 124.598 илјади денари. Со имплементирање на новиот софтвер во 2011 година при групирање на податоците за видот на правото и поделба на истите при исплата не е запазена утврдената категоризација по видови на пензии. Имено, извршено е несоодветно групирање на податоците по видови на право во месечните пресметки за исплата на пензии во 2011 година при што се утврдени разлики заради несоодветно групирање на податоците по однос на видот на правото, како и извршени пренумерации на пензиските броеви за пензиски предмети кои имаат промена на надлежности од стручна служба во филијала во стручна служба во Централа. Во сметководствената евиденција на Фондот во 2011 година како инвалидски пензии се евидентирани несоодветно групираните податоци на корисниците на воените пензии, при што податоците за семејна воена пензија се евидентирани како инвалидски пензии, а инвалидска воена пензија како семејна воена пензија.

За констатираните разлики во пресметките на пензиите за месец декември 2011 година извршена е исправка во сметководствената евиденција со налог бр.2 од 2012 година и податоците по видови на пензии и број на корисници се усогласени со податоците на истите во базата на податоци од ИТ Секторот.

## 5. Ревизорски заклучок

Врз основа на извршената ревизија утврдивме дека освен во делот на комплетност и веродостојност на медицинската и друга документација и невалидност на одделни пријави како доказ за оствареното право за инвалидска пензија, изнесени во точката 4.2. погоре, остварувањето на правото на инвалидска пензија е во согласност во сите материјални аспекти со релевантната законска регулатива.

## 6. Системски слабости

6.1.1. Корисниците на времена инвалидска пензија, кои по задолжителен контролен преглед (предвиден во рок до 2 години) го губат правото на инвалидска пензија согласно член 139 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а претходно за остварување на ова право им е прекинат работниот однос, своето право на повторно вработување може да го остварат по Законот за работни односи. Според наведеното, а имајќи ја предвид старосната структура на овие лица, се доведува во прашање можноста за засновање на нов работен однос.

Ревизијата е на мислење дека со оглед на тоа што се укинати 169 времени инвалидски пензии во текот на 2011 година да се скрати рокот за задолжителната контрола, а со добивање на времена инвалидска пензија да не се бара одлука за престанок на работниот однос, односно истиот да биде во мирување до извршување на задолжителниот контролен преглед.

6.1.2. Забележителна е активноста на Фондот во проверката на вистинскиот број на корисници на пензија, во делот на утврдување на неблаговремена пријава на

починати пензионери. Заради овие потреби, Фондот има склучено договори со Управата за водење на матичните книги за размена и користење на податоци од матичните евиденции помеѓу наведените институции, односно за бројот на починатите лица корисници на пензии. Доставувањето и преземањето на податоците (ЕМБГ, име и презиме, дата на смрт) се уште се врши во хартиена форма поради непостоење на технички услови за преземање на истите по електронски пат.

Според договорот за соработка помеѓу Фондот и Управата за водење на матичните книги за размена и користење на податоци од матичните евиденции, личните податоци треба да бидат предадени во хартиена форма се до моментот кога Управата ќе создаде технички услови за преземање на истите по електронски пат. Според укажувањата на одговорните лица на Фондот, Управата за водење на матични книги за размена и користење на податоци од матичните евиденции не располагаат со соодветен технички капацитет со кој би можеле податоците да ги преземат по електронски пат.

## 7. Нагласувања на прашања за неизвесност или континуитет

Барателите на инвалидска пензија се соочуваат со проблемот на ненавремено решавање на предметите по жалба од страна на Комисијата на Владата на Р.М. До Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на права во втор степен по предметите од пензиското и инвалидско осигурување во текот на 2011 година, беа поднесени 1.408 жалби и заедно со нерешените 105 жалби од 2010 година вкупниот број на жалби за решавање изнесува 1.513. Од вкупно 1.513 предмети, 935 предмети се со подготвени решенија, но истите не се потпишани, бидејќи престана мандатот на претседателот на Комисијата на Владата на Р.М. од 01 јули 2011 година. Иако од страна на Владата беше избран нов предеседател, истиот до 21.10.2011година до кога беше должен да потпишува решенија нема закажано седница и нема потпишано ниту едно решение.

Од 21.10.2011 година стапи на сила Законот за Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос, според кој второстепената постапка и управните спорови преоѓаат во надлежност на оваа комисија, додека започнатите постапки ќе се завршат од страна на комисиите во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој Закон.

Од наведените 935 предмети, 85 се предмети со негативен наод од Комисијата за оцена на работна способност по задолжителен контролен преглед. Со оглед на правото на жалба и правото на корисникот до конечноста на решението, решенијата за конечност ги надминаа сите рокови, заради што неосновано се исплатени 5.393. илјади денари заклучно со исплатата на пензија за месец јануари 2012 година. Потребно е да се истакне дека најголемиот дел од овие жалби се однесуваат на остварување на правото на инвалидска пензија, каде што се работи за лица со сериозно нарушена здравствена состојба.

Скопје, 25.07.2012 година

**Ревизорски тим:** **Овластен државен ревизор** 

*1.*________________________ ________ ______________

*2.*________________________

*3.* ________________________

*4.*________________________

ФПИОМ

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА

Адреса: „Владимир Комаров" бб, 1000 Скопје
Централа Тел: (02) 3250-100; Факс: (02) 3162-275; Инвалидски комисии Тел: (02) 3065-184

Бр: 10-4210/1
Скопје, 12.07.2012 година

16.07.2012
26 156/7

До
Државен завод за ревизија
Скопје
Главен државен ревизор
М-р Тања Таневска

Предмет: Одговор по препораките во Нацрт извештајот на Државниот завод за ревизија

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеноста на остварувањето на правото на инвалидска пензија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, и за констатираните состојби достави Нацрт извештај број 26-156/5 од 14.06.2012 година, со дадени препораки за постапување од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување

Во одговор на препораките, Ве известуваме за следното:

Точка 4.1.1 и 4.1.2

Оваа точка се однесува на на работата на Комисијата за оцена на работна способност, односно дадени се забелешки за некомплетните состави на комисиите заради недоволен број на лекари, што како последица има доцнење на поканите за оцена на работна способност, некомплетни состави за работа, мешање на овластувањата од една во друга комисија, односно за намален број лекари , заради што истите членови ја вршат работата и во Комисијата за оцена на работната способност и во Комисијата за комплетност и уредност на медицинската документација како и во Комисијата за задолжителен контролен преглед, што не е во согласност со законот и подзаконските акти.

Во препораката побарано е да се подготви Информација до Владата на Република Македонија за состојбата во овие комисии.
Постапено е по препораките и е подготвена информација до Владата на Република Македонија , кој а се доставува во прилог на овој одговор.

Точка 4.2.1

По констатираните состојби во предметите , во однос на медицинската документација, и потписите на членовите на комисијата, препораката е да се почитува Правилникот за организација, состав и начин на работа на Комисијата за оцена на работна способност како и Одлуката за задолжителен минимум на медицинската документација, која треба да биде во оригинал, како доказ за остварено право. Исто така , во дел од наодите се појавува само К-печат на трет лекар, а нема потпис.

Во таа насока, имајќи во предвид дека во иднина медицинската документација како доказ ке се содржи во електонската папка, ке се преземат мерки за доследно почитување на наведената регулатива. Кога ке се комплетира со членови Комисијата за комплетност и уредност на медицинската документација, овие проблеми ке се надминат.
Во исто време, без електронскиот потпис на лекарот, наодот нема да може да се процесуира.
Во овој момент, бидејки во Комисијата нема доволно лекари, во Наодите на Комисијата се содржат по два потписа на лекарите.

Точката 4.2.3

Утврдено дека во одредени филијали при комплетирањето на барањето за пензија недостасува потврда за уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување од Одделението за контрола на податоци од пензиско и инвалидско осигурување, што не е во согласност со интерната процедура за работа во службата за матична евиденција.

Препораката на главниот државен ревизор е во постапката на комплетирањето на барањето за пензија да се обезбеди доказ од Одделението за контрола на податоци од пензиско и инвалидско осигурување.

ЗАБЕЛЕШКА: Досегашната процедура за контрола на податоци при комплетирање на предмет се дополнува со зборивите „во одредени случаи", така целата процедура во делот цел на процес гласи:„ Вршење на контрола и утврдување на статусот на платен продонес за пензиско и инвалидско осигурување со подготвување на потврда со која се потврдува фактички утврдената состојба за придонесот

(платен,неплатен,погрешно пресметан и уплатен, непресметана камата и др.) во постапка на комплетирање на барање за пензија во одредени случаи".

Образложение: Матичната служба при комплетирањето на барањето за пензија, врз основа на доставената документација, работна книшка, рекапитулари, платни изводи, како и комјутерската документација може да утврди дали придонесите се платени, односно дали евидентираните податоци во матична евиденција се адекватни на уплатените средства по основ на придонес.

Во случаевите кога матичната служба ќе утврди дека недостасуваат уплати за одредени периоди, дека има уплати пониски од најниската основица, или уплатените придонеси не одговараат на внесените нето плати во матична евиденција, како и кога се работи за невнесени податоци во матична евиденција за обврзник со огромен број на вработени, во тој случај ќе побара од Одделението за контрола на податоци од придонес да изготви потврда за платен, односно неплатен придонес.

Точка 4.2.4

Со новиот пезиски проект за остварување на правата и исплата на пензии во целост се уште не е извршено превземање на скенираните и микрофилмуваните М-пријави, односно не е извршено целосно пренесување на електронски запис и архивирање во електронска (дигитална) форма и понатамошно електронско поврзување на податоците регистрирани во базата на податоци во матични датотеки, со архивата на М пријави.

Нејасно е на што поточно се мисли, на какво преземање на скенирани и микрофилмувани, како и поврзување податоци од матични датотеки со архивата на М пријави. Пријавите што ги контролираме ги имаме на сервер веднаш штом ги скенираме и контролираме и секогаш се достапни за пребарување и преземање. Евентуално ако мисли на преостанатите микрофилмовите кои уште ги немаме дигитализирано и контролирано.

Со новата апликација за работа на подрачните единици на Фондот има опција но не е овозмошен пристап до базата на скенираните М-пријави, пребарување и листање на копија на скенираните М-пријави.
Во новата апликација на служба (ОРАЦЛЕ) имаат пристап до базата на архивирани пријави, архивираните пријави можат да се пребаруваат, но неможат да се превземаат. Но со стариот начин(со старата апликација) може да се преземаат слики.

Најдобра потврда за тоа се самите ревизори бидејки тие вршеа пребарување токму во новата апликација на ОРАЦЛЕ, а ги преземаа сликите по стариот начин (со старата апликација).

Стариот начин на превземање на слики од серверот е достапен цело време и работи исто како за корисниците од централата, така и за сите други корисници од било која подрачна единица.

Овој систем постојано се унапредува вклучително и пристапот до дигитализираните документи, брзината и капацитетот на линковите на Централата со ПЕ. Исто така се прават напори за издвојување на средства за целосна дигитализација на микрофилмовите и доставените М-пријави.

Точка 4.2.5

Не постои електронска поврзаност на архивата во Одделението за оцена на работна способност со Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика.

Фондот ги презеде сите неопходни мерки и активности да обезбеди предуслови за да може Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика да се интегрира во новиот софтвер и системот на Фондот.

Обврските кои се превземени од страна на Министерството за труд и социјална политика, набавка на комуникациска опрема, персонални сметачи и софтверот за автоматизација на работата на оваа комисија не се реализирани и затоа нема електронска поврзаност.

Софтверот кој го користи Фондот нема предвидено опција за внос на доставените предмети од архивата на Одделението за оцена на работната способност до Комисијата за ревизија.

Во дизајнот на процесот на работа воспоставен е концепт на движење и задожување за работа на електронска папка (предмет). Воспоставена е електронска евиденција за секое движење, примопредавање на електронската папка со податоци кој, кога и кому му доставил предметпо однапред дефинирани рути и надлежности. На овој концепт вграден во процесот на донесување на решение за стекнато право и исплата на пензија Ревизијата нема коментар.

По препораката во решенијата да стои и текст дали наодот на првостепената инвалидска комисија е потврден или изменет, преземени се дејствија за дополнување на решенијата.

Точка 4.2.6

Препорака е да се продолжи со активностите во врска со валидизација на невалидните пријави по филијали и деловници

Постапката на валидација на невалидните пријави се врши во континуитет, според дадените насоки во филијалите и деловниците. На овој начин се превенира

можноста за пролонгирање на постапката за донесување на решенијата, односно пред да биде поднесено барањето за пензија се врши валидација на веќе внесените пријави за стажот на осигурување и платите.

Точка 4.2.8

Во текот на вршењето на ревизијата, констатирано е дека недостигаат 3 инвалидски предмети, за кои се дадени препораки да се обезбеди комплетирање во делот на навршениот стаж, кој е како услов за остварување на правото и да се провери законитоста на исплатата на пензиските давања.
Ве известуваме дека предметите сите се најдени, извршен е увид во предметите и е утврдено дека Раловиќ Џавид е корисник на инвалидсак пензија од 2002 година со навршен пензиски стаж од 28 години, Велковски Драгутин е корисник на инвалидска пензија од 2004 година со навршен стаж од 3 години и Петковски Миле е корисник на инвалидска пензија од 2009 година.

ДИРЕКТОР
Bekim Neziri

Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
СКОПЈЕ
1

Изработил: Љуба Митровска
Контролирал: Трајко Премчески
Согласен: Трајко Премчески

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА

Адреса: „Владимир Комаров" бб, 1000 Скопје
Централа Тел: (02) 3250-100; Факс: (02) 3162-275; Инвалидски комисии Тел: (02) 3065-184

Бр: 10-4308
Скопје, 17.07.2012 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 18.07.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 26 | 156/8 | | |

До
Државен завод за ревизија
Скопје
Главен државен ревизор
М-р Тања Таневска

Предмет: Дополнување на одговорот по препораките во Нацрт извештајот на Државниот завод за ревизија бр. 10-4210 од 13.07.2012 година, по усменото барање на Добринка Весковска-самостоен државен ревизор

Точка 4.2.3

Ќе се преземат мерки за постапување по Вашите препораки при комплетирање на барањето за остварување право на пензија, да се обезбедат докази за извршена контрола од Службата за наплата на придонес .

Точка 4.2.4

Во врска со дадената препорака за обезбедување на пристап до скенираните М-пријави, во рамките на филијалите и деловниците, напомнуваме дека истиот е обезбеден.

Точка 4.2.8

На Ваше барање, на увид Ви се доставуваат предметите на Раловиќ Џавид, Велковски Драгутин и Петковски Миле.

ДИРЕКТОР
Bekim Neziri

Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
СКОПЈЕ
1

Изработил: Љуба Митровска
Контролирал: Трајко Премчески
Согласен: Трајко Премчески

**Прилог број 2**

## ОДГОВОР
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 16.07.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на усогласеност на остварување на правото на инвалидска пензија кај Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија од страна на законскиот застапник, директорот Беким Незири, заведени во Државниот завод за ревизија под број 26 – 156/7. На ден 18.07.2012 година добиено е дополнение на забелешките, заведени во Државниот завод за ревизија по број 26 – 156/8.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точките 4.1.1.** и **4.1.2**. од Нацрт извештајот која се однесува на нецелосно функционирање на клучните контроли во процесот на остварување на правото на инвалидски пензии, заради некомплетност на комисиите надлежни за оцена на работна способност, за комплетност и уредност на медицинската документација и за задолжителен контролен преглед, претставува **известување** за постапување по дадената препорака.
   Кон известувањето во прилог е доставена изготвената информација доставена до Владата на Република Македонија.
   Врз основа на преземените мерки, во Конечниот извештај препораката ќе биде заменета со констатација за преземените мерки од страна на субјектот.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1.** од Нацрт извештајотпретставува **потврдување** на констатациите од ревизијата дека документацијата во пензиските досиеја не се хронолошки подредени, а медицинската документација не ги содржи сите елементи пропишани со Правилникот за организација, составот и начинот на работа на комисијата за оцена на работната способност.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.3.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на постапката на комплетирање на барањата за пензија и нецелосно воспоставената контрола, претставува **известување** дека ќе се преземат мерки во примената на Интерната процедура за работа во службите за матична евиденција во деловниците и филијалите на стручната служба на Фондот.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*
1.____________________ ______________________
2.____________________
3.____________________
4. ___________________

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.4.** која се однесува на констатацијата дека со новиот пензиски проект за остварување на права и исплата на пензии во целост сеуште не е извршено преземање на скенираните и микрофилмуваните М пријави, не е извршено целосно пренесување на електронски запис и архивирање во електронска форма, не е овозможен пристап до базата на скенираните М пријави, пребарување и листање на копија на скенираните М пријави и не е обезбедена техничка можност за увид и прегледување на скенираните документи од страна на одговорниот работник во матичната евиденција, претставува **известување** дека е обезбеден бараниот пристап.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.5.** која се однесува на невоспоставената електронска поврзаност на архивата во Одделението за оцена на работна способност со Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика, претставува **потврдување** на констатираната состојба.
   Во однос на препораката на ревизијата, Решенијата за право на инвалидска пензија да содржат податок дека сите наоди се потврдени/изменети од Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика, одговорните лица од Фондот **укажуваат** дека се преземени дејствија за дополнување на решенијата.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.6.** која се однесува на валидизација на невалидните пријави по филијали и деловници, претставува **потврдување** на препораката дека треба да се продолжи со активностите во врска со валидизација на невалидните пријави.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.8.** која се однесува на трите предмети за инвалидска пензија кои недостигаа и не беа презентирани за време на ревизијата, претставува **информација** дека трите предмети се најдени и комплетирани и истите беа доставени на увид на ревизијата.
   Преземените активности од страна на субјектот ќе бидат имплементирани во Конечниот извештај.